Уп. бр. 08-55

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Алвин АГ со регистрирано седиште на адреса Веинмаркт 9, 6004 Луцерн, Швајцарија, доставено преку Адвокатско друштво Георги Димитров Адвокати Скопје, на седницата одржана на ден 20.03.2024 година, го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

1. Се утврдува дека концентрацијата со која Алвин АГ со регистрирано седиште на адреса Веинмаркт 9, 6004 Луцерн, Швајцарија ќе стекне самостојна контрола над Инстант Вин Гејминг Лимитед со регистрирано седиште на адреса 1рв Кат, Олд Стрит Јард 2, Лондон, EC1Y 8AF, Обединето Кралство, по пат на купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 01.03.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од страна на Алвин АГ со регистрирано седиште на адреса Веинмаркт 9, 6004 Луцерн, Швајцарија , со која Алвин АГ ќе стекне самостојна контрола над Инстант Вин Гејминг Лимитед со регистрирано седиште на адреса 1рв Кат, Олд Стрит Јард 2, Лондон, EC1Y 8AF, Обединето Кралство, по пат на купопродажба на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

-**Алвин АГ** е холдинг друштво основано во Швајцарија, кое стекнува и управува со удели во компании од индустријата на игри и е друштво-мајка на Алвин Групацијата. Алвин Групацијата е мултинационален оператор на лотарија со значително присуство во Австрија, Чешката Република, Грција, Кипар, Италија, Обединетото Кралство и Соединетите Американски Држави (Илиноис), и крајно е поседувана од ККЦГ Групацијата.

ККЦГ Групацијата е приватна инвестициска групација со повеќе од 6.000 вработени која е присутна во 18 држави. Истата е примарно активна во областите на нафта и гас, инженерство, игри и забава, технологија, информатичка технологија и недвижности.

ККЦГ Групацијата е присутна на пазарот на Северна Македонија примарно во областа на работење со терминали за видеолотарија, преку следните друштва:

- КАСИНОС АУСТРИА ИНТЕРНАТИОНАЛ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје, со регистрирано седиште на бул. Киро Глигоров бр. 2, Скопје – Гази Баба, со седиште на бул. Киро Глигоров бр. 2, Скопје-Гази Баба, со приоритетна дејност Дејности на коцкање и обложување;
- Државна видеолотарија на Република Македонија - КАСИНОС АУСТРИА ДОО Скопје, со регистрирано седиште на бул. Киро Глигоров бр. 2, Скопје – Гази Баба, со седиште на бул. Киро Глигоров бр. 2, Скопје-Гази Баба, со приоритетна дејност Дејности на коцкање и обложување.

Дополнително, ККЦГ Групацијата има одредени активности во Северна Македонија преку нејзината контрола над Киншифт Групацијата (претходно: Сеавус Групација) и Мусала Групацијата. Во Северна Македонија, Киншифт Групацијата (претходно: Сеавус Групација) ги има следните зависни друштва:

- КИНШИФТ ДООЕЛ Скопје (со претходен назив СЕАВУС ДООЕЛ Скопје), со регистрирано седиште на адреса ул. 11ти Октомври бр. 33А / Центар 1, Скопје-Центар, со приоритетна дејност Компјутерско програмирање;
- КИНШИФТ АКАДЕМИ ДООЕЛ Скопје (со претходен назив СЕАВУС ЕДУКАТИВЕН И РАЗВОЕН ЦЕНТАР ДООЕЛ Скопје), со регистрирано седиште на адреса ул. 11ти Октомври бр. 33А / Центар 1, Скопје-Центар, со приоритетна дејност: друго образование, неспомнато на друго место.

Зависно друштво на Мусала Групацијата во Северна Македонија е Друштвото за производство, трговија и услуги МУСАЛА СОФТ ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на ул. Филип Втори Македонски бр.3-кат 4, канц. 4003, Скопје, со приоритетна дејност: компјутерско програмирање.

-**Инстант Вин Гејминг Лимитед** (Instant Win Gaming Limited), со регистрирано седиште на адреса 1рв Кат, Олд Стрит Јард 2, Лондон, EC1Y 8AF, Обединето Кралство. Целното друштво е

основано во согласност со законите на Англија и Велс и е снабдувач со онлјан, инстант игри на среќа до лотарии. Целното друштво обезбедува целосна услуга за лотариите, од стратегии и консалтинг до дизајнирање и изработка. Има повеќе од десет години искуство во изработка на висококвалитетни инстант игри кои имаат врвна продажба, и стратешко know-how за истите да функционираат.

Инстант Вин Гејминг Лимитед нема зависни друштва во Северна Македонија и нема генерирано било каков приход во Северна Македонија во претходната година.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство:

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ана Николоска**